РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901 - 115/2
01. 06 2020 год.

***Градоначалник на Општина Свети Николе***

***тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911***
***e-mail: info@svetinikole.gov.mk***
***www.svetinikole.gov.mk***

Врз основа на член 50 став1 точка 16 од Законот за локална Самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/02)а во врска со член 55-а став 5 и 6 од Законот за превоз во патниот сообраќај(Службен весник на РМ бр.68/04.........163/18 и 275/2019) и Одлуката на Совет на општина Свети Николе за утврдување на услови за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Свети Николе (Службен гласник бр.0701-604 од 15.09.2011година), Градоначалникот на општина Свети Николе на ден 29.05.2020 година објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## За учество во постапка за распределување на расположиви лиценци,односно слободни места за користење на изводи на лиценци за авто-такси возила

### I.Општи и правни услови, утврдени со Закон

Во согласност со член 55-а став 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуката на Совет на општина Свети Николе за утврдување на максимален број на возила за вршење на авто -такси превоз на патници на подрачјето на општина Свети Николе ,бројот на лиценци не е надминат и постојат слободни изводи од лиценци за авто такси возила,општина Свети Николе објавува јавен повик за учество во постапката за распределување на расположивите лиценци,слободни места за користење на изводи на лиценци за авто такси возила.

Општина Свети Николе, со издавање на лиценца утрдува колку авто такси возила вршителот на автотакси дејноста може да користи. Согласно Одлуката за утврдување на максимален број на возила за вршење на авто такси превоз на патници на подрачјето на општина Свети Николе,(Службен гласник на општина Свети Николе бр. 0701-604 од 15.09.2011година) максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници во општина Свети Николе изнесува **55** возила.

Максималниот број на изводи на лиценци утврден во една лиценца изнесува **10(десет) изводи** на лиценци во текот на една календарска година на еден вршител на авто такси дејност.

## II.Документи кои треба да ги поднесат вршителите на авто такси дејноста за учество на јавниот повик за издавање извод од лиценца:

Вршителите на авто такси дејноста се должни за учество на јавниот повик да ги приложат документите од член 9 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај и тоа:

**Кон барањето за издавање на извод од лиценца превозникот доставува:**

- Доказ за сопственост или договор за финансиски лизинг за возилото
- Потврда за исполнетост на посебните техничко-експлоатациони услови на моторните возила наменети за вршење на одделни видови на превоз;
- Доказ за вработени возачи согласно бројот на моторни возила.
- Потврда за исправен ,вграден фискален апарат-таксиметар за верификација на фискален систем на опрема

**Лиценцата и извод од лиценца се издаваат со рок од пет години.**

**Превозникот е должен најдоцна 30 дена пред истек на важноста на лиценцата да достави барање до надлежниот орган за нејзино обновување со доказите дека ги исполнува миниум утврдените услови за стекнување соодветен вид на лиценца согласно членот 8 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај.**

Во случај кога вршителот на авто-такси дејноста при поднесување на барањето не може да приложи доказ од член 9 став 2 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај должен е кон барањето да **достави банкарска гаранција во висина од 200 евра** во денарска противредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на ден на уплата, за секое возило за кое не може во моментот да го достави бараниот доказ.

## Документи кои треба да ги поднесат вршителите на авто такси дејноста за учество на јавниот повик на општина Свети Николе за издавање извод од лиценца :

**1. Барање за издавање на лиценца со извршена уплата на административна такса** (уплатница во износ од 3.000денари на трезорска сметка 100000000063095,уплатна сметка 84016303182,приходна шифра и програма 722315 00 ;
**2.Доказ за сопственост или договор за финансиски лизинг за возилото** (фотокопија од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар)
**2.Потврда за исполнетост на посебните техничко-експлоатациони услови на моторните возила** наменети за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај издадена од станиците за технички преглед на моторните возила со точно утврдена класа на возилото или сертификат за исполнување на критериумите за безбедност на возилата(копија);
**3. Доказ за вработени возачи** согласно бројот на моторни возила. Копии од обрасците **М1/М2**, и список на вработени по обврзник од ФПИО не постар од 60дена ;
**4. Сертификат за верификација на фискален систем на опрема** издадено од Министерство за економија-Биро за Метрологија (копија)и Решение за регистрација на фискалната опрема издаден од УЈП
**5. Регистрирана дејност** со претежна дејност 60.22 издадена од Централниот регистар на РМ и Тековна состојба со претежна дејност Авто-Такси служба (не постара од 60 дена/копија)
**6. Копија од сертификат за возачите** за положен испит за авто такси возач;
**7. Копија од лични карти и возачки дозволи** на возачите, со потпишана изјава за заштита на лични податоци

**8. Уплатница за платена административна такса од 2920 за користење на авто такси постојки за период од 1 година** ( тековната година)
**9.Копија од Сертификат за професионална компетентност** за управителот на фирмата, односно на овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос кај превозникот.***<u>Овој услов не се однесува за добивање на лиценца за вршење за авто такси превоз на патници , за трговец поединец</u>***;

По доставените барање од јавниот повик ,овластеното лице од општината е должно да одлучи во рок од 180 дена сметано од денот на прием на барњето, со можност за продоложување уште 60 дена доколку вршителот на авто-такси дејност достави доказ дека доцнењето е настанато поради оправдани причини или виша сила.

Доколку вршителот на авто-такси дејност во дадените рокови не ги достави доказите член 9 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај, градоначалникот на општината ќе донесе решение со кое барањето ќе биде одбиено, а банкарската гаранција ќе биде наплатена.

Против решението на градоначалникот на општината,со кое барањето за издавање на извод на лиценца се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од ден на прием на решението до Министерството з атранспорт и врски.

## III.Рок на поднесување на барањата по јавниот повик

Јавниот повик трае седум(7)работни дена сметано од денот на објавувањето на огласната табла на Општина Свети Николе,на официјалната web site на општина Свети Николе како и на локалните медиуми ТВ Свет и радио Модеа, односно од 1 Јуни 2020година.

Право на учество имаат како постојните така и идните вршители на авто такси дејноста.

29.05.2020г.

Свети Николе

Градоначалник на општина Свети Николе

М-р Сашо Велковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ